**20130230710**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОДИТЕ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за водите,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 февруари 2013 година.

Бр. 07 – 820/1
12 февруари 2013 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОДИТЕ**

Член 1

Во Законот за водите (“Службен весник на Република Македонија” број 87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/10, 51/11 и 44/12), во членот 4 точката 11 се менува и гласи:

"11. Водно право е право на правните и на физичките лица да користат води и/или да испуштаат води, право на користење на водите од водните тела и право на испуштање во водните тела стекнати под услов, начин и во постапка утврдени со овој закон;".

Во точката 66 по зборовите: "заеднички систем за" се додаваат зборовите: "одведување и".

Член 2

Во членот 16 ставот (4) се менува и гласи:

"Под задоволување на другите лични потреби од ставот (2) на овој член не се подразбира користењето на водите во технолошкиот процес при извршување на трговски дејности, како и користењето на водите за наводнување, освен во случаите определени со членот 17 став (3) од овој закон."

Член 3

Во членот 17 ставот (2) се менува и гласи:

"Сопственикот или носителот на друго стварно право на земјиштето на кое се наоѓа вода, може да црпи и да користи подземни води од подземните водни тела за лични потреби и за потребите на домаќинството, без обврска да поседува дозвола за користење

на водата, доколку исцрпеното количество подземна вода не надминува 10 м$^3$ вода дневно и со тоа не се предизвикуваат негативни последици по истото, или по соседното подземно водно тело."

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

"(3) Сопственикот или носителот на друго стварно право на земјоделско земјиште може да црпи и да користи вода од подземни водни тела за наводнување на земјоделско земјиште, без обврска да поседува дозвола за користење на водата под следниве услови:

- земјиштето да не е опфатено со хидросистем или систем за наводнување,
- потребните количини на вода за наводнување да не надминуваат повеќе од 1 л/секунда и
- пред копање на бунарот да обезбеди позитивно мислење од органот на државната управа надлежен за вршење на стручни работи од обласста на управувањето со водите."

Член 4

Во членот 25 став (6) по зборот "водата" запирката се заменува со точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 5

Во членот 26 став (1) по зборот "вода" запирката се заменува со точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 6

Во членот 28 став (1) точка 1 алинеите 7 и 8 се бришат.

Точката 3 се брише.

Точката 4 станува точка 3.

Член 7

Во членот 29 ставот (1) се менува и гласи:

"Без дозволата од членот 26 став (1) од овој закон, сопственикот или носителот на друго стварно право врз земјиштето може, во согласност со членот 17 од овој закон, да копа обичен бунар за снабдување со вода за пиење, за поење на добиток, за други лични потреби и потребите на домаќинството, како и за наводнување на земјиште."

Ставот (3) се брише.

Член 8

Во членот 35 став (1) по зборовите: "Република Македонија" запирката се заменува со сврзникот "и", по зборовите: "интернет страница" се става точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 9

Во членот 46 став (1) по зборовите: "десет години" запирката се заменува со точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 10

Во членот 53 став (2) точката 3 се брише.

Точките 4 и 5 стануваат точки 3 и 4.

Член 11

По членот 55 се додава нов член 55-а, кој гласи:

“Член 55-а

Доделување на концесија за вода по барање

(1) Концесија за користење на вода може да се додели по барање кое го поднесуваат јавните претпријатија, јавните установи, трговските друштва основани од Република Македонија и друштвата врз кои државата има директно или индиректно влијание преку сопственоста над нив, односно ако поседува поголем дел од капиталот на друштвото, има мнозинство гласови на акционерите/содружниците и доколку именува повеќе од половина од членовите на управниот или надзорниот одбор, односно органите на управување на друштвото, другите правни лица кои вршат јавни овластувања во делот на вршењето на јавните овластувања со одлука на Владата на Република Македонија, без спроведување на постапка за доделување на концесија по пат на јавен повик.

(2) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина врз основа на барањето од ставот (1) на овој член подготвува и доставува образложен предлог до Владата на Република Македонија за доделување на концесија за корисење на вода.

(3) Субјектите од ставот (1) на овој член кон барањето за добивање концесија за корисење на вода треба да достават:

- образложение и основни податоци за подносителот на барањето,
- предложен период на кој би се доделила концесијата,
- простор на кој се предлага да се врши концесиската дејност вцртан на топографска карта во мерка 1:25000, со координатно позиционирање на точката на зафатот и испуст и
- геодетски елаборат за посебни намени со катастарски индикации изработен од трговци поединци - овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи кои ги исполнуваат условите од Законот за катастар на недвижности."

Член 12

Во членот 56 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

"(2) Кога концесијата се доделува во согласност со одредбата од членот 55-а од овој закон, во одлуката за доделување на концесија за користење на вода задолжително се наведува дека задолжителен услов за склучување на концесискиот договор е прибавување на дозвола за користење на вода во согласност со одредбите од овој закон.“

Ставот (2) станува став (3).

Ставот (3) кој станува став (4) се менува и гласи:

"(4) Со добивањето на концесијата по пат на јавен повик, избраниот најповолен понудувач се стекнува со дозвола за користење на вода во согласност со овој закон."

Член 13

Во членот 57 став (1) точката 3 се брише.

Точките 4 и 5 стануваат точки 3 и 4.

Член 14

Во членот 58 став (4) алинејата 3 се брише.

Член 15

Во членот 142 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

"(2) За вадењето на песок, чакал и камен од коритата и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите, заради подобрување на режимот на водите се надлежни водостопанствата на подрачјето на своето дејствување, а единиците на локалната самоуправа се надлежни на подрачјата каде што не се основани водостопанства и во урбаните средини."

Во ставот (2) кој станува став (3) зборовите: "од членот 26 на овој закон" се заменуваат со зборовите: "која ја издава министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина".

По ставот (3) се додаваат три нови става (4), (5) и (6), кои гласат:

"(4) Со дозволата од ставот (3) на овој член се утврдува локацијата, количеството, начинот, времето, предметите и средствата за вадење, товарење и транспорт на песок, чакал и камен.

(5) Дозволата од ставот (3) на овој член се евидентира во водната книга од членот 160 од овој закон.

(6) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува формата и содржината на образецот на дозволата од ставот (3) на овој член."

Член 16

По членот 142 се додаваат четири нови члена 142-а, 142-б, 142-в и 142-г, кои гласат:

"Член 142-а

Потребна документација за издавање на дозвола за вадење на песок, чакал и камен

(1) Дозволата за вадење на песок, чакал и камен од коритата и бреговите на водотеците се издава врз основа на техничка документација, која особено содржи хидролошка и хидрауличка анализа за големите и малите води и за подземните води, траса, нивелета, хидраулички профил на коритото на водотекот или дел од него што претставува една регулациона целина, количеството на наносот и други податоци кои се од значење за режимот на водите и за заштита и унапредување на животната средина и природата.

(2) Дозволата за вадење на песок, чакал и камен од бреговите на езерата и акумулациите се издава врз основа на техничка документација, која особено содржи режим на осцилации на нивото на водата, количеството на наносот, влијание на стабилноста на крајбрежјето и други податоци кои се од значење за режимот на водите и за заштита и унапредување на животната средина и природата.

Член 142-б

Постапка за издавање на дозвола за вадење на песок, чакал и камен заради подобрување на режимот на водите

(1) Постапката за издавање на дозвола за вадење на песок, чакал и камен од коритата и бреговите на површинските водни тела започнува со писмено барање од субјектите од членот 142 став (2) од овој закон, доставено до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(2) Органот од ставот (1) на овој член е должен во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето да донесе решение со кое барањето за издавање на дозвола се прифаќа или се одбива.

(3) Доколку органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина утврди дека не се исполнети условите за издавање на дозвола за вадење на песок, чакал и камен, донесува решение за одбивање на барањето.

(4) Против решението од ставот (2) на овој член, субјектите од членот 142 став (2) од овој закон и другите лица со правен интерес во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, можат да изјават жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(5) Доколку органот од ставот (1) на овој член не донесе решение со кое барањето за издавање на дозвола за вадење на песок, чакал и камен од коритата и бреговите на површинските водни тела се прифаќа или се одбива, во рокот предвиден во ставот (2) на овој член, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена да поднесе барање до писарницата на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, да донесе решение со кое се издава дозвола за вадење на песок, чакал и камен од коритата и бреговите на површинските водни тела. Доколку министерот нема писарница барањето се поднесува во писарницата на седиштето на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(6) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (5) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(7) Кон барањето од ставот (5) на овој член, подносителот на барањето поднесува копија од барањето за издавање на дозвола за вадење на песок, чакал и камен заради подобрување на режимот на водите.

(8) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесувањето на барањето од ставот (5) на овој член до писарницата да донесе решение со кое барањето за издавање на дозвола е уважено или одбиено.

(9) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина не го донесе решението од ставот (8) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(10) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (9) на овој член да изврши надзор во органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за утврдената состојба при извршениот надзор.

(11) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање од ставот (5) на овој член, односно да го одобри или одбие барањето и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.

(12) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина не одлучи во рокот од ставот (11) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој министерот ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(13) Доколку министерот не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (12) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(14) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (10) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(15) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот од ставот (14) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето согласно со ставовите (10) и (11) на овој член и/или не поднесе пријава согласно со ставовите (12) и (13) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(16) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (15) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(17) Во случаите од ставот (16) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(18) Во случаите од ставот (17) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(19) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (15) на овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(20) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина не одлучи во рокот од ставот (11) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

(21) Постапката пред Управниот суд е итна.

(22) Подзаконскиот акт од ставот (6) на овој член се донесува во рок од 15 дена од денот на донесувањето на овој закон.

(23) По донесувањето на подзаконскиот акт од ставот (5) на овој член истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на органот на државната управа надлежен за работите од облата на животната средина.

Член 142-в

Обврски на носителот на дозволата

(1) Водостопанствата и единиците на локалната самоуправа на кои им е издадена дозвола за вадење на песок, чакал и камен од коритата и бреговите на површинските водни тела имаат обврска да водат дневник во кој особено се евидентира извадено то количество на песок, чакал и камен врз дневна основа, локацијата од каде што се вади тој материјал и времето на вадење на материјалот.

(2) Министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува формата и содржината на образецот и начинот на водење на дневникот од ставот (1) на овој член.

Член 142-г

Постапување со извадениот материјал

(1) Водостопанствата и единиците на локалната самоуправа на кои им е издадена дозвола за вадење на песок, чакал и камен, се должни да се придржуваат до условите во дозволата.

(2) Доколку со дозволата е определено дел од материјалот да се отстрани од коритата и бреговите, носителот на дозволата може истиот да го пушти во промет со испратници издадени и заверени од органот на управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(3) Испратниците од ставот (2) на овој член се издаваат на носителот на дозволата, во количини утврдени со дозволата и секое лице кое врши превоз на песок, чакал и камен е должно да има испратница.

(4) За издадените и заверените испратници од ставовите (2) и (3) на овој член, органот на државната управа надлежен за работите од областа на управувањето со водите води евиденција во регистар на издадени и заверени испратници.

(5) Формата и содржината на испратниците, формата и содржината на регистарот на издадени и заверени испратници ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на управувањето со водите."

Член 17

Во членот 201 став (1) зборовите: "за домашни потреби" се бришат.

Член 18

Во членот 207 ставот (3) се менува и гласи:

"Обврзници за плаќање на надоместокот за вадење на песок, чакал и камен, се носителите на дозволата за вадење на песок, чакал и камен издадена во согласност со членот 142 став (3) од овој закон."

Член 19

Во членот 213 по ставот (25) се додаваат три нови става (26), (27) и (28), кои гласат:

"(26) Висината на надоместокот што се плаќа за користење на водата за миење и сепарирање на песок, чакал и камен изнесува 2% од цената на метар кубен сепариран материјал.

(27) Обврзник за плаќање и пресметување на надоместокот од ставот (26) на овој член е правното или физичкото лице кое врши дејност миење и сепарирање на песок, чакал и камен и го прикажува надоместокот одвоено во фактурата или сметката за продажба на материјалот.

(28) Обврзникот од ставот (27) на овој член е должен да го уплати надоместокот од ставот (26) на овој член најдоцна 30 дена од денот на фактурирањето, односно издавањето на сметката, а го уплатува на посебна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка, еднаш месечно."

Ставовите (26), (27), (28), (29) и (30) стануваат ставови (29), (30), (31), (32) и (33).

Член 20

Во членот 215 став (2) зборовите: " правното или физичко лице, носител" се заменуваат со зборот "носителот".

По ставот (3) се додават два нови става (4) и (5), кои гласат:

"(4) Приходите од надоместокот од ставот (1) на овој член се распределуваат во сооднос 50% приход на Буџетот на Република Македонија и 50% на буџетот на општините и општините во градот Скопје на чие подрачје се вади материјалот.

(5) Средствата од ставот (4) на овој член кои се распределуваат меѓу општините од подрачјето на градот Скопје и градот Скопје, се распределуваат во сооднос 50% за општината од подрачјето на градот Скопје и 50 % за градот Скопје."

Ставовите (4) и (5) стануваат ставови (6) и (7).

Член 21

Во членот 244 став (1) точката 14 се брише.

Точките 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30, 31, 32, 33, 34, 35 и 36 стануваат точки 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30, 31, 32, 33, 34 и 35.

Во ставот 8 бројот "15" се брише, а броевите "20 и 23" се заменуваат со броевите "19 и 22".

Член 22

Во членот 245 став (1) по точката 24 се додаваат три нови точки 25, 26 и 27, кои гласат:

"25) вади песок, чакал и камен од коритата и бреговите на површинските водни тела без дозвола од членот 142 од овој закон;

26) при вадењето на песок, чакал и камен, не се придржува кон условите во дозволата од членот 142 од овој закон;

27) постапува спротивно на членот 142-б од овој закон;".

Точките 25, 26, 27, 28, 29, 30, 31, 32, 33, 34, 35, 36, 37, 38, 39, 40, 41, 42, 43, 44, 45 и 46 стануваат точки 28, 29, 30, 31, 32, 33, 34, 35, 36, 37, 38, 39, 40, 41, 42, 43, 44, 45, 46, 47, 48 и 49.

Член 23

Одредбите од членот 20 став (2) од овој закон со кои во членот 215 од Законот за водите („Службен весник на Република Македонија" број 87/2008, 6/2909, 161/2009, 83/10, 51/11 и 44/12), се додаваат два нови става (4) и (5) ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2013 година.

Член 24

Поблиските прописи од членовите 16 и 17 од овој закон ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 25

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".